

# Борис Николоски
## Boris Nikoloski

НУ Национална галерија на Македонија
NI National Gallery of Macedonia

Министерство за култура на Република Македонија
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

# Борис Николоски
## 55 Години творештво

# Boris Nikoloski
## 55 years creation

Мала Станица / Mala Stanica
Јуни / June, 2015



# Борис Николоски
## 55 Години творештво

# Boris Nikoloski
## 55 years creation



**Борис Николоски - 55 Години творештво**

Во Националната галерија на Македонија, во Мултимедијалниот центар „Мала станица", во оваа наша хранителка на македонската култура, имаме ретка можност да претставиме и да разгледаме дел од мноштвото создадени дела на маестро Борис Николоски, а по повод на неговиот јубилеј.

Одбележувањето на значајни датуми доволно говори за она што Националната галерија на Македонија го овозможува за гледачот визуелно да се запознае и да се потсети на значајните и вредни автори од богатата македонска ликовна традиција. На изложбата се претставени голем број дела (по желба на авторот) иако има многу простор за додавање од мноштвото дела што ги создавал авторот години station наназад. Тоа се дела што се одраз на авторовиот развој, а изложбата дава можност да се запознаеме со личниот став на авторот. Сакам да истакнам дека иако целта на приредувачот беше поинаква, сепак ценам дека и на овој начин може да се потсетиме и да се приближиме до времето во кое создавал нашиот маестро, а пак на гледачот при првата средба со неговите дела му остануваат на располагање сопствената асоцијација и доживување. Знаејќи дека оваа изложба ќе ја посетат и ќе ја видат млади луѓе што немале никаков допир со времето и со делото на авторот, со оваа поставка верувам дека ќе ги изнесам и ќе ги испорачам сопствените асоцијации што ќе ги разбуди средбата со овие дела, односно дека на гледачот сепак му се овозможува визуелна средба со она духовното на авторот и со неговиот развој. Побудените асоцијации, пак, ќе потсетат и на драматичноста низ која го пробивал својот пат и развој. Значи име и презиме, белег, име за почит, име што ќе биде запаметено, автентична уметничка вредност што ќе останат во големата ризница на македонската уметност и култура.

Откако го завршува образованието на Словенечката академија, Борис Николоски почнува да трага по поволни услови за создавање и по некаков личен континуитет во него. Сега веќе тоа морал да го прави сам во своето катче наречено ателје, далеку од очите дури и на своите најблиски. Можеби се тоа првите преиспитувања познавајќи ги скромната природа и неговата самокритичност. Сега еве го сам во далечните години по студирањето во тоа катче, сам со материјата и атмосферата. Тоа е период на адаптирање кон околностите на кои наидува и во кои ќе мора да изгради став и да се најде себеси. Сето ова се случува во моменти кога околу него постои огромна аура на она што е негова интима од која треба да произлезе сето ова што е денес пред нас, односно за емотивното и духовното калење. Би рекол, дилемата на авторот колку успешно ќе успее да се предаде на гледачот, количеството на грдото и на убавото се со една и единствена цел - да се прикаже важноста на суштината и, се разбира, потенцирањето на сопствениот карактер. Тогаш се случува токму тоа, односно она што на прв поглед е можеби нелогично - да создадеш чин како резултат на внатрешни случувања, да ги споиш надреалното, реалното и сублимираното.

Оттогаш па сè до денес своите истражувања и создавања ги насочува кон пластичноста и личната креативна слобода водејќи сметка притоа единствено за атмосферата на духот и за трансформацијата на облиците.

Неговите размисли се пред сè насочени кон статичното и динамичното. За димензиите на своите дела иако на прв поглед изгледа дека не води сметка, сепак тие зависат од големината на просторот во кој ќе бидат поставени, но ценам дека тие простори се пред сè во замислата на авторот многу порано одошто кога биле создадени (иако освојувањето на просторот што теба да добие препознатливост преку создаденото дело е најважното нешто кај скулпторите). Ова не е случајно бидејќи за скулпторите е особено важно зад себе да се остави белег на сопствената волја и слобода, односно состав на емоции. Она што ги прави вредни неговите дела се неговата грижа и почитта кон материјалот што го оправдува своето постоење со својата специфичност и карактер. За неговите скулптури треба да се истакне дека тие се изведени во поедноставени геометриски форми, одмерена ритмика и без претерани односи на светло и темно, особено бидејќи моментот на светло-темно постигнат со обоени површини е постигнат без претходни напори. Водејќи сметка за тој момент, природната светлина и сенките што паѓаат на поставените скулптури дополнително го збогатуваат и го зголемуваат впечатокот предизвикувајќи восхит.

Борис Николоски поминал многу години за да ја осознае уметноста на скулптурата, како и сликарството и работата во бакар. Напорните студии во Љубљана, специјализацијата во Франција и во Грција, разните курсеви и студиски престои му овозможиле и му донесле умешност и навики, искуство и истрајност. Денес резултатот на сето претходно изнесено е создадениот мал остров на мир и љубов (особено во неговото отворено ателје во Свети Наум во близина на селото Љубаништа). Пронајден во свој сопствен свет и јазик на уметноста, приоѓајќи му на творењето со внимание и почит, а не со страв. Подеднакво е добар во неговите стилови - скулптурата, бакарот, теракотата, клепалата, инсталациите, графитите ... кои се комбинација на осаменост и на борба за живот, мистерија и реалност, поезија и драма. Заради тоа неговите дела не се толку едноставни како што можеби изгледаат на прв поглед затоа што нивната повеќестепена суштина е разбрана и создадена од човек со цврсто и великодушно срце. Николоски со формата сраснува меко и нежно, хармонично и рамномерно. Окото учествува во читањето и во текот на работата настануваат ранообразни модулации бидејќи со секоја промена на перспективата условува други пресеци, скратувања, видици и просторности како ново посредување на светлоста и сенките, бистрина и тишина, ослушнување што потврдува аспекти на постојана работа.

Вредни се уметниковата работливост и потребата за создавање и одржување континуитет на своето творештво со децении. Изразена пластичност со нагласена стилизација, опседнат со меморија на старото и со авантурата на новото. Во неговото творештво постојат повеќе циклуси, техники и мотиви.

Борис Николоски остана препознатлив по искрениот и сосема личен пристап при изработката на своите дела. Иако живее паралелно со актуелните случувања на секојдневието, тој на свој сосема личен и пркосен начин ги преработува перцепираните сегменти. Една интересна креативна ликовна агонија што го прави посебен и необичен е тоа што остана верен на начинот на кој им дава експресија на своите дела што кореспондираат со материјалот, просторот и уметниковиот концепт на интересен начин. Поседува слободен израз, што ќе се рече остава уникатен печат на делата. Исполнет со чувство на духовна радост и хармонија, која впрочем никогаш не му недостасувала, ќе му овозможи да не ја сфаќа својата егзистенција и опстој како „мачнотија на постоењето" – Сартр. Иако наишол на сурови периоди, тој никогаш не дозволил внатрешната духовна искра и порив да згаснат за да создава убавина дури и во моменти на неблагонаклонета егзистенција.

Оваа изложба во Националната галерија на Македонија претставува едно осветлување на уметниковиот профил, чествување по повод на 55 години творештво. Неговото уметничко дело покажува дека не постои изнасиленост кај него, напротив, станува збор за спонтан, искрен и инвентивен пристап, со што ја создава својата поетика на создаденото дело со креативна магија. Нашиот создател на ваков начин создава уметност речиси во сè - секојдневни предмети, тапети, черги, разни дребулии, дури и преработки на стари сопствени скулптури (во недостаток на материјал). Поседува особено сензибилна скулпторска експресија неоптоварена од модернизмот на новото време. Скулпторската мисла, која иако е поврзана за материјалот во кој ќе биде изведена, сепак се заснова на бескрајните можности на играта во која, пак, се воспоставуват нови односи спрема предметот и предметното. Просторот го дефинира и воедно ги одредува димензиите. Води сметка за моментот во кој се претопува идејата во благородноста на материјалот. Неговата примарна форма е обликот што настанува со непосредна интервенција на скулпторската постапка, како и непосредното преобликување на масата во ликовно вредносен предмет. Осмислените моделирани маси, разработените планови, ритамот на линии и знаци, грубите отслојувања, му овозможуваат на делото пластично- естетски живот во просторот.

Честитајќи му го јубилејот, му посакувам на маестро Борис Николоски уште многу нови творби, успеси и естетски радости за кои верувам дека вечно ќе траат.

Љупчо Маленков





**Boris Nikoloski - 55 years creation**

In the National Gallery of Macedonia, in the multimedia center “Mala Stanica”, in our guardian of the Macedonian culture, we have a rare opportunity to present and examine part of the many created works by maestro Boris Nikoloski, on the occasion of his jubilee.

The celebration of important dates speaks volumes about what the National Gallery of Macedonia provides for the viewer to visually discover and be reminded of the significant and valuable artists of the rich Macedonian artistic tradition. The exhibition includes a number of works (by request of the author), although there is plenty of room for adding from the multitude of works produced by the author during the years. These are works that reflect the author’s development and the exhibition provides an opportunity to meet the personal views of the author. I would like to emphasize that although the purpose of the organizer was different, however I appreciate that in this way we can remember and get closer to the time in which our maestro created, while for the viewer when encountering his works for the first time remain available their own association and experience. Knowing that this exhibition will be visited and seen by young people who have not had any contact with the time and the work of the author, with this exhibition I believe that I will bring and deliver my own associations that the encounter with these works will awaken, i.e. that the viewer is still enabled a visual encounter with author’s spiritual and his development. The awakened associations will also remind of the drama through which he strived in his path and development. Meaning name and surname, a mark, a respectable name, a name that will be remembered, an authentic artistic value that will remain in the great treasury of the Macedonian art and culture.

After completing the education at the Slovenian Academy, Boris Nikoloski began searching for favorable conditions for creation and for some personal continuity in it. Then he had to do it by himself in his studio, far from the eyes even of loved ones. Perhaps those were the first reconsiderations knowing the modest nature and his self-criticism. Now here he is alone in the distant years after the studies in that studio, alone with the matter and the atmosphere. It is a period of adaptation to the circumstances encountered which would make him to take a stance and find himself. All this happens at times when around him there is a vast aura of what is his private life from which all of this which is in front of us today emerges, that is emotional and spiritual tempering. I would say, the dilemma of the author of how successful he would be in surrendering himself to the viewer, the amount of ugly and beautiful are with a single purpose – to show the importance of the essence and, of course, to emphasize his own character. Then that is exactly what happens, that is what at first glance might be illogical - to create an act as a result of the internal developments, to merge the surreal, the real and the sublimated. From then until today his research and creations are directed towards plasticity and personal creative freedom while taking into consideration only the atmosphere of the spirit and the transformation of forms.

His thoughts are primarily directed to the static and the dynamic. About the dimensions of his works, even though at first glance it seems that he does not seem to take it into account,

they depend on the amount of space in which they will be set, but I think that these spaces were primarily in the author's imagination much earlier than they were created (although invading the space that should obtain recognisability through the created work is the most important thing for sculptors). This is not accidental since for the sculptors it is particularly important to leave a mark of their own will and freedom behind, i.e. composition of emotion. What makes his works valuable are his concern and respect for the material that justifies its existence with its specificity and character. For his sculptures, it should be noted that they are derived in simplified geometric forms, balanced rhythm and without exaggerated relations of light and dark, especially since the moment of light-dark achieved with colored surfaces is achieved without previous efforts. Taking into consideration that moment, the natural light and the shadows that fall on the set sculptures additionally enrich and increase the impression causing admiration.

Boris Nikoloski spent many years learning the art of sculpture, as well as painting and work in copper. The demanding studies in Ljubljana, the specialization in France and Greece, the different courses and study visits, have provided him skills and habits, experience and perseverance. Today the result of everything previously stated is the created small island of peace and love (especially in his open studio in St. Naum near the village Ljubanista). Found in his own world and language of art, approaching his creation with care and respect, not fear. He is equally good in his styles – sculpture, copper, terracotta, clappers, installations, graffiti... that are a combination of loneliness and struggle for life, mystery and reality, poetry and drama. Therefore his works are not as simple as they may seem at first glance because their multistage essence is understood and created by a man with strong and generous heart. Nikoloski with the form merges softly and gently, harmoniously and evenly. The eye participates in the reading and during the operation versatile modulations occur, because every change of perspective requires other intersections, reductions, views and space as a new mediation of light and shadows, clarity and tranquility, which confirms aspects of the constant work.

The artist's diligence and the need for creation and maintaining continuity of his creation for decades are valuable. Expressed plasticity with a pronounced stylization, obsessed with the memory of the old and the adventure of the new. In his work there are more cycles, techniques and motifs.

Boris Nikoloski remained recognizable with his earnest and quite personal approach in the preparation of his works. Even though he lives simultaneously with the current events of the everyday life, in his own entirely personal and defiant manner, he processes the perceived segments. One interesting creative art agony which makes him special and unusual is that he remained true to the manner in which he gives expression to his works that correspond to the material, the space and the artistic concept in an interesting way. He possesses a free expression, which, it can be said, leaves a unique mark on the works. Filled with a sense of spiritual joy and harmony, which in fact never lacked, would allow him not to perceive his existence and survival as "hardship of existence" – Sartre. Even though he came across some harsh times, he never allowed his inner spiritual spark and drive to fade in order to create beauty even in moments of unfavorable existence.

This exhibition in the National Gallery of Macedonia represents one highlighting of the profile of the artist, celebration on the occasion of 55 years of work. His works of art show that there is no forcing in him, on the contrary, it is a spontaneous, honest and inventive approach, with which he creates his poetics of the created work with creative magic. The creator, in this manner, creates art almost in everything - everyday objects, wallpapers, rugs, various trumperies, even adaptations of old sculptures (in the absence of material). He possesses a particularly sensible sculptural expression unladen of the modernism of the new age. The sculptural thought, even though related to the material in which it is executed, is still based on the endless possibilities of the game in which, in turn, new relations towards the object and the subject are established. The space defines it and at the same time determines the dimensions. He takes account of the moment in which the idea melts into the nobility of the material. His primary form is the shape emerging with direct intervention of the sculptural process, as well as the direct reshaping of the mass into artistically valuable object. The crafted modeled masses, the elaborated plans, the rhythm of lines and signs, the rough delayering, allow a plastic-aesthetic life in space for the work.

Congratulating the anniversary, I wish maestro Boris Nikoloski many new works, achievements and aesthetic joys that I believe will last forever.

Ljupcho Malenkov
























БН'13


БН'11


БН'11


БН'12


БН'13

**АВТОБИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Академскиот скулптор Николоски Борис е роден 1935 год. Своето ликовно образование го започнува во средното уметничко училиште во Скопје, а го завршува со дипломирањето на ликовната академија во Љубљана во 1959 год. во класата на проф. Франтишек Смерду. Член е на Друштвото на ликовните уметници од 1960 и од таа година редовно изложува на сите изложби на Друштвото. Истата година се враќа во родниот град Прилеп и започнува со педагошка дејност како професор по ликовно образование во тамошната гимназија - Мирче Ацев. Истовремено своите креативни потенцијали максимално ги изразува и се појавува како еден од основачите на Мермерниот симпозиум во Прилеп кој има меѓународен карактер. Во 1962 се вработува во Мермерниот комбинат во Прилеп, каде што останува се до 1965 год. кога доаѓа во Скопје и се вработува како професор по естетика и ликовно изразување во УЗУС - Димитар Влахов и останува таму се до неговото пензионирање во 1991.

Неговото ликовно творештво е поделено на повеќе различни видови на изразување како што се : портрети, монументална скулптура, спомен обележја, галериска скулптура, зидна декорација, парковска скулптура.

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:**

-Скопје (**1968**, **1975**, **1979**, **1994, 2000**)
-Куманово (**1968**)
-Охрид (**1968**)
-Св. Наум (**1985**, **1986**, **1987**).

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ :**

**1962** Риека, Второ биенале на млади
Словен Градец, Камен и дрво во ликовна уметност
**1963** Прилеп, прв мермерен симпозиум
**1965** Скопје, Скопје 63-та низ ликовни творби
**1966** Скопје, Изложба на парковска скулптура
Риека, Четврто биенале на млади
**1967** Скопје, Нови Сад, Современа македонска скулптура - млада генерација
Скопје, Современа македонска уметност - актуелни тенденции
Скопје, Современа македонска скулптура
**1968** Суботица, Сусрет на Палиќ
Скопје, Парковска скулптура
Скопје, Наше минато
**1969** Риека, Петто биенале на млади
Ферара(Италија), Современа македонска уметност
Белград, Современа македонска уметност
Сараево, Современа македонска уметност
Загреб, Современа македонска уметност
Прага и Брно, Современа Југословенска скулптура

Блед, Интернационален салон
Каиро(Египет), Илјада години Каиро
Скопје, 25 години АСНОМ

**1970** Скопје, моето сакано дело
Скопје, од колекцијата на МСУ
**1971** Белград, НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија
Скопје, Наше историско минато
Скопје, дела од колекцијата на МСУ
**1972** Јаши и Пиатра Неамац (Романија), Современа македонска уметност
Скопје, Тенденции во македонската скулптура
**1973** Прилеп, Прилепски уметници
**1976** Белград, НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија
**1978** Крапина, меѓународен симпозиум - Форма Прима
Бања Лука, Современа македонска уметност
**1979** Скопје, ситна пластика
Скопје, Историско минато
**1980** Ваљево, Прилепски уметници
Прилеп, симпозиум во дрво
**1981** Белград, НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија
**1982** Скопје, Интернационално студио за пластика во дрво, од прилепски сипозиум
Белград, Интернационално студио за пластика во дрво, од прилепскиот симпозиум
**1983** Тузла, Југисловенски портрет
**1984** Скопје, 40 години од македонското ликовно творештво
**1987** Тузла, Југословенски портрет
**1989** Горни Милановац, Прво биенале на југословенската минијатурна уметност
**1992** Скопје, Зимски салон
**1993** Скопје, Зимски салон
**1994** Скопје, Зимски салон
**1995** Скопје, Зимски салон
**1996** Горни Милановац, Четврто биенале на Југословенската минијатурна уметност
**1996** Скопје, Зимски салон
Скопје, Портретот - тематски предизвик
Париз (Франција), 50 години од Друштво на ликовните уметници на Македонија
**1997** Скопје, Зимски салон
**1998** Скопје, Мигови во шеесеттите, МСУ
**2009** Скопје, Енформел скулптура 1960-70, МСУ

**КОНКУРСНИ ПРОЕКТИ:**

**1969** За споменик во Крушево - макета
**1974** За гробницата во Т. Велес - макета рељеф детал од гробницата во Т. Велес
**1976** За споменик на Макљен - макета Ентериер за Т. Велес
**1977** За споменик во Струга

**1979** За споменик во Тетово  детал од спомеников во Тетово
**1988** За споменик на Ј.Б. Тито во Нови Сад

**НАГРАДИ:**
**1969** Скопје, - откупна награда за спомеников во Крушево
Скопје, - втора награда за бистата на Мито Хаџи Василев - Јасмин
Скопје, - трета награда за спомеников од НОБ во Трница
**1976** Скопје, - Нерешки мајстори
**1977** Скопје, - Прва награда за скулптура - МАКЕДОНКА
**1986** Скопје, - ЛИКУМ

**ПОРТРЕТИ**
**(на позначајни личности):**

**Борко Талески** - народен херој
**Круме Волнароски** - народен херој
**Димитар Влахов** - македонски деец
**Илка Присаѓанец** - првоборец
**Блаже Присаѓанец** - првоборец
**Марко Цепенков** - собирач на народни умотворби
**Јосип Броз Тито**
**Олга Спиркоска** - новинар и публицист
**Нада Гешоска** - актер
**Ненад Милосављевиќ** - актер
**Јордан Добревски** - писател
**Коста Циривири** - татко на народниот херој Вера Циривири Трена
**Мито Хаџи-Василев** -Јасмин -
**Лудвиг Заменхов** - творецот на есперанто јазикот
**Ангел Џамбазовски** - проф. и спец. по кинези терапија
**Џозеф Крузел** - американски дипломат

**ИЗВЕДЕНИ СПОМЕНИЦИ :**
**1962** Прилеп, биста на Борко Талевски и Круме Волнароски во Алејата на народните херои на непобедените
**1964** Валандово
**1966** Скопје,  Парковска скулптура во градски парк
**1967** Скопје, Парковска скулптура во Железарницата
**1968** Кочани, Никола Карев
**1975** Скопје, спомен обележувања
**1977** Прилеп, Споменик во Прилепец
**1981** Жабљак (Црна гора), хотел - Планинка - рељефи во толчен бакар
**1985** Св. Наум, Парковска скулптура на Св. Наум

Студиски патувања реализирани во Франција и Грција.

**СО ДЕЛА ЗАСТАПЕН:**
Скопје , - Музеј на современа Уметност
Скопје , - Уметничка галерија - Даут Пашин Амам
Скопје , - Историски музеј
Скопје , - Собрание на Р. Македонија
Скопје , - Собрание на град Скопје
Цетиње, - Његошев билојард
Белград, - Музеј на револуцијата
Прилеп, - Институт за тутун
како и повеќе приватни колекции.

**Лит:**
- Борис Петковски, Рустикално- архитектонските конструкции на
  Борис Николоски, - Нова Македонија, Скопје 29.12 1968;
- Емисија Радио Брно, Југословенски скулптори во Брно, 18.10.1969 (превод)
- Дневен лист -Свободне слово - 12.11.1969, Вајари са Јадрана (превод)
- Слободанка Парлиќ-Баришиќ, Борис Николоски, МСУ, Скопје 1975 ;
- Паскал Гилевски, Спонтана громада на блокови, - Вечер- Скопје 12.09.1975;
- Владимир Величковски, Будење на фигурата, - Нова Македонија,
  Скопје 19. 09.1975 ;
- Јозо Бошкоски, Нов свет
- Владимир Величковски, Современа Македонска Скулптура
- Соња Абаџиева - Димитрова, Антологија на современата македонска
  уметност
- Владимир Величковски, 50 години ДЛУМ (монографско издание) 1996

## AUTOBIOGRAPHICAL DETAILS

Academic sculptor Nikoloski Boris was born in 1935. He started his artistic education at the secondary art school in Skopje and completed it with graduation at the Academy of Fine Arts in Ljubljana in 1959 with Prof. Frantisek Smerdu. Member of the Association of Artists since 1960 and from that year he regularly exhibited at all the exhibitions of the Association. The same year he returned to his native town of Prilep and started his pedagogical activity as professor of art in the high school "Mirche Acev." At the same time he maximally expressed his creative potentials and appeared as one of the founders of the Marble Symposium in Prilep which has international character. In 1962 he got employed in the Marble Combine in Prilep, where he remained until 1965, when he came to Skopje and was employed as a professor of aesthetics and artistic expression in UZUS "Dimitar Vlahov" and remained there until his retirement in 1991.

His art work is divided into several different types of expression such as: portraits, monumental sculpture, memorials, gallery sculpture, wall decoration, park sculpture.

**SOLO EXHBITIONS:**

-Skopje (**1968**, **1975**, **1979**, **1994, 2000**)
-Kumanovo (**1968**)
-Ohrid (**1968**)
-St. Naum (**1985**, **1986**, **1987**).

**GROUP EXHIBITIONS:**

| | |
|---|---|
| **1962** | Rijeka, Second Biennial of Young Artists |
| | Slovenj Gradec, stone and wood art |
| **1963** | Prilep, first marble symposium |
| **1965** | Skopje, Skopje '63 through paintings |
| **1966** | Skopje, Exhibition of park sculpture |
| | Rijeka, Fourth Biennial of Young Artists |
| **1967** | Skopje, Novi Sad, Contemporary Macedonian sculpture - young generation |
| | Skopje, Contemporary Macedonian art - current trends |
| | Skopje, Contemporary Macedonian sculpture |
| **1968** | Subotica, Susret na Palic |
| | Skopje, Park sculpture |
| | Skopje, Our Past |
| **1969** | Rijeka, Fifth Biennial of Young Artists |
| | Ferrara (Italy), Contemporary Macedonian art |
| | Belgrade, Contemporary Macedonian art |
| | Sarajevo, Contemporary Macedonian art |
| | Zagreb, Contemporary Macedonian art |
| | Prague and Brno, Contemporary Yugoslav sculpture |
| | Bled, International salon |

Cairo (Egypt), Thousand Years Cairo
Skopje, 25 years ASNOM
**1970** Skopje, my beloved work
Skopje, from the collection of MoCA
**1971** Belgrade, NOB (the Liberation War) in the works of artists from Yugoslavia
Skopje, Our Historical Past
Skopje, works from the collection of MoCA
**1972** Iași and Piatra Neamț (Romani), Contemporary Macedonian art
Skopje, Trends in Macedonian sculpture
**1973** Prilep, Artists from Prilep
**1976** Belgrade, NOB (the Liberation War) in the works of artists from Yugoslavia
**1978** Krapina, international symposium – Forma Prima
Banja Luka, Contemporary Macedonian art
**1979** Skopje, small plastic
Skopje, Historical past
**1980** Valjevo, Artists from Prilep
Prilep, Symposium in wood
**1981** Belgrade, NOB (the Liberation War) in the works of artists from Yugoslavia
**1982** Skopje, International studio for plastic in wood, from Prilep symposium
Belgrade, International studio for plastic in wood, from Prilep symposium
**1983** Tuzla, Yugoslav portrait
**1984** Skopje, 40 years of Macedonian art
**1987** Tuzla, Yugoslav portrait
**1989** Gornji Milanovac, First Biennial of Yugoslav miniature art
**1992** Skopje, Winter salon
**1993** Skopje, Winter salon
**1994** Skopje, Winter salon
**1995** Skopje, Winter salon
**1996** Gornji Milanovac, Fourth Biennial of Yugoslav miniature art
**1996** Skopje, Winter salon
Skopje, Portrait - thematic challenge
Paris (France), 50 years of the Association of Visual Artists of Macedonia
**1997** Skopje, Winter salon
**1998** Skopje, Moments in the sixties, MoCA
**2009** Skopje, Informal Art sculpture 1960-70, MoCA

**COMPETITION PROJECTS:**
**1969** For a monument in Krushevo - model
**1974** For the tomb in T. Veles - model
relief detail from the tomb in T. Veles
**1976** For a monument of Makljen - model
Interior for T. Veles

**1977** For a monument in Struga
**1979** For a monument in Tetovo
detail from the monument in Tetovo
**1988** For a monument of J. B. Tito in Novi Sad

**AWARDS:**
**1969** Skopje, - purchase award for the monument in Krushevo
Skopje, - second prize for the bust of Mito Hadzi Vasilev - Jasmin
Skopje, - third prize for the monument of NOB in Trnica
**1976** Skopje, - Nereski masters
**1977** Skopje, - First prize for sculpture - MAKEDONKA
**1986** Skopje, - LIKUM

**PORTRAITS**
**(of significant individuals):**

**Borko Taleski** - national hero
**Krume Volnaroski** - national hero
**Dimitar Vlahov** - Macedonian activist
**Ilka Prisagjanec** - Partisan fighter
**Blazhe Prisagjanec** - Partisan fighter
**Marko Cepenkov** – collector of traditional folk literary works
**Josip Broz Tito**
**Olga Spirkoska** – journalist and publicist
**Nada Geshoska** - actress
**Nenad Milosavljevic** - actor
**Jordan Dobrevski** - writer
**Kosta Ciriviri** – father of the national hero Vera Ciriviri Trena
**Mito Hadzi-Vasilev Jasmin** -
**Ludwik Zamenhof** – creator of the language Esperanto
**Angel Dzambazovski** – professor and specialist in kinesitherapy
**Joseph Kruzel** – American diplomat

**EXECUTED MONUMENTS:**
**1962** Prilep, busts of Borko Talevski and Krume Volnaroski in the Alley of the national heroes of the undefeated
**1964** Valandovo
**1966** Skopje, Park sculpture in the city park
**1967** Skopje, Park sculpture in the steel plant
**1968** Kochani, Nikola Karev
**1975** Skopje, memorial monuments
**1977** Prilep, Monument in Prilepec

**1981** Zabljak (Montenegro), hotel - Planinka - reliefs in copper
**1985** St. Naum, Park sculpture in St. Naum

Study visits in France and Greece.

**HIS WORKS CAN BE FOUND IN:**
Skopje, - Museum of Contemporary Art
Skopje, - Art Gallery – Даут Пашин Амам
Skopje, - History Museum
Skopje, - Assembly of the Republic of Macedonia
Skopje, - Assembly of the City of Skopje
Cetinje, - Njegosev bilojard
Belgrade, - Museum of the Revolution
Prilep, - Tobacco Institute
as well as in several private collections.

**Lit:**


- Boris Petkovski, Rustic-architectural constructions of Boris Nikoloski, - Nova Makedonija, Skopje 29.12 1968;
- Radio show Brno, Yugoslav sculptors in Brno, 18.10.1969 (translation)
- Dneven List – Svobodne Slovo - 12.11.1969, Vajari sa Jadrana (translation)
- Slobodanka Parlic-Barisic, Boris Nikoloski, MoCA, Skopje 1975 ;
- Paskal Gilevski, Spontaneous rough blocks, - Vecher- Skopje 12.09.1975;
- Vladimir Velichkovski, Awakening of the figure, - Nova Makedonija, Skopje 19. 09.1975 ;
- Jozo Boshkoski, Nov Svet
- Vladimir Velichkovski, Contemporary Macedonian Sculpture
- Sonja Abadzieva - Dimitrova, Anthology of Contemporary Macedonian Art
- Vladimir Velichkovski, 50 years DLUM (Association of Artists of Macedonia) (monographic edition) 1996

НУ Национална галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 (0)2 31 26 856
Факс: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk
**Борис Николоски**
**55 Години творештво**
јуни 2015

Издавач: НУ Национална галерија на Македонија
За издавачот: Маја Неделкоска-Брзанова, директор
Куратор: Виш кустос, Љупчо Маленков
Текст: кустос, Љупчо Маленков
Превод на англиски: Наташа Димитровска
Дизајн: Борис Шемов
Фотографии: Борис Николоски
Лектура: Кирил Ангелов
Печат: Винсент графика, Скопје
Тираж: 500

NI National Gallery of Macedonia
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: + 389 (0)2 31 26 856
Fax: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk
**Boris Nikoloski**
**55 years creation**
June 2015

Publisher: NI National Gallery of Macedonia
For the publisher: Maja Nedelkoska-Brzanova, director
Curator: Curator, Ljupco Malenkov
Text: Curator,  Ljupco Malenkov
English translation: Natasha Dimitrovska
Design: Boris Semov
Photography:Boris Nikoloski
Edited by: Kiril Angelov
Printed by: Vinsent Grafika, Skopje
Copies: 500

Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија
Supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

Спонзорирано од / Sponsored by:
МАГРОНИ / MAGRONI

Ladna    Dobra Voda

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

73.037(497.7)(06.064)Николовски,Б.

НИКОЛОВСКИ, Борис
Борис Николоски : 55 години творештво : Мала станица, јуни, 2015 / Борис Николовски ; [текст Љупчо Маленков ; превод на англиски Наташа Димитровска ; фотографии Борис Николоски] = Boris Nikoloski : 55 years creation : Mala stanica June, 2015 / Boris Nikolovski ; [text Ljupco Malenkov ; English translation Natasa Dimitrovska ; пхотограпхы Борис Николоски]. - Скопје : #НУ #Национална галерија на Македонија = Skopje : NI  National gallery of Macedonia, 2015. - 32 стр. : илустр. ; 23 см

Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-4693-63-5
1. Маленков, Љупчо [автор на воведот]. -  I. Nikolovski, Boris види Николовски, Борис
а) Скулптура - Модернизам - Македонија - Изложба
COBISS.MK-ID 98707466



